Аллаху мој, оддалечи ме од моите гревови како што ги оддалечи истокот и западот

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога го изговараше почетниот текбир во намазот, замолкнуваше за кратко пред да почне со рецитирањето. Тогаш го прашав: ‚О, Божји пратенику, за тебе би ги жртвувал и мајката и таткото, што изговараш за време на молчењето помеѓу почетниот текбир и рецитирањето?‘ Тој одговори: ‚Изговарам: АЛЛАХУММЕ БА‘ИД БЕЈНИ ВЕ БЕЈНЕ ХАТАЈАЈЕ КЕМА БА'АДТЕ БЕЈНЕЛ-МЕШРИКИ ВЕЛ-МАГРИБИ, АЛЛАХУММЕ, НЕККИНИ МИН ХАТАЈАЈЕ КЕМА ЈУНЕККА ЕС-СЕВБУЛ-ЕБЈЕДУ МИНЕД-ДЕНЕС, АЛЛАХУММЕ-ГСИЛНИ МИН ХАТАЈАЈЕ БИЛ-МАИ ВЕС-СЕЛЏИ ВЕЛ-БЕРД (Аллаху мој, оддалечи ме од моите гревови како што ги оддалечи истокот и западот, Аллаху мој прочисти ме од гревовите како што се чисти белата облека од нечистотиите, Аллаху мој измиј ги моите гревови со вода, снег и мраз.)‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, по почетниот текбир во намазот, кратко ќе замолкнеше пред да ја рецитира сурата Ел-Фатиха. Намазот го започнуваше со изговарање на некои дови, а една од пренесените дови е следнава: Аллаху мој, оддалечи ме од моите гревови како што ги оддалечи истокот и западот, Аллаху мој измиј ги моите гревови со вода, снег и мраз, Аллаху мој прочисти ме од гревовите како што се чисти белата облека од нечистотиите. Со оваа дова тој го молел Возвишениот Аллах да го оддалечи од гревовите така што никогаш да не направи грев, како што истокот и западот се оддалечени и никогаш не се среќаваат. Доколку се случи да направи грев, да го исчисти и да ги отстрани гревовите, како што нечистотијата се отстранува од белата облека. Исто така, го молел Аллах да го измие од гревовите, да ја смири жештината и последиците од нив со овие ладни средства за прочистување: вода, снег и мраз.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3104